# МАРГАРИТА КИСЕЛИЧКА — КАЛАЏИЕВА

Маргарита Киселичка Калаџиева родена 1962 год. и припаѓа на најмладата генерација македонски скулптори школувана на скопскиот Факултет за ликовни уметности, во класата на професорот Петар Хаџи Бошков.

Уште од студентските денови, во рамките на реализацијата на школската програма, либералниот дух и креативната атмосфера што доминираше во класите на вајарскиот оддел им овозможи на студентите по пат на самоспознание, не само да ја потенцираат својата креативна индивидуалност, туку и меѓусебно, стилски да се издиференцираат.

Главната преокупација на Киселичка Калајиева е да ги смири сеопштите антагонизми, да го спои нивото на содржината со нивото на експресијата. Се обидува заробеноста на мислата во материјата да ја преточи во зона на слободата, односно да ѝ даде потполна слобода на идејата во формата. Ова ослободување на „духовното“ на сметка на материјалното Киселичка Калајиева формално го реализира низ пробивањето — отварањето на формата, со што ѝ овозможува на мислата да „излезе“ од материјата, да ја реализира својата авантура и повторно да се врати во нејзе.

Формалната реалистичност означена е во обликот и формата, додека формалната ирационалност и апстракцијата е идентифицирана со празниот простор во скулптурата.

Масивните, робустни, рустикални форми низ чии пукнатини на носталгичните сеќавања продира светлоста, ја навраќа ретроспективно мислата кон нашата, кон сеопштата прасостојба на нештата, оставајќи го во нас само впечатокот на меланхоличното чувство на неповторливоста.

Преку минималната интервенција врз формата Киселичка Калаџиева се обидува да го воспостави компромисот со материјата, да ја воспостави рамнотежата, не само помеѓу нејзината форма и содржина, туку и да го реши автоконфликтот. Интровертни во својата стилска изразност, наместа суптилно еротски колорирани на површината на овие форми се чувствува благото вибрирање и тонење на светлоста во сенката.

Дрвото освен како материјал, кој е мошне благороден за обработка, за нејзе претставува метафора која се стреми кон недофатливото, кон оние сфери на илузијата на која така силно, така моќно, сигурно и рамнодушно и се спротивставува хоризонталата.

Токму тие убоди, резови, засеци, пукнатини, меѓукомпозициони празни простори на ритмичките пореметувања и поместувањата претставуваат индикација за внатрешната тензија на овие едноставни форми, или како што самиот автор вулгаризирано ги нарекува „трупци“.

Взаемната почит меѓу авторот и материјалот е мошне благотворна. Во извесни композиции Киселичка Калаџиева претпазливо ја следи формата на дрвото и му дозволува да ја заведе нејзината мисла, додека во други композиции остро му се спротивставува и ја принудува структурата на дрвото да ѝ се потчини на нејзината идеја.

Се надеваме дека нејзиниот однос кон светот, нејзината резигнација ќе ја модифицира во креативно поле во состојба на нејзиното самооправдување и самопотврдување.

Конча Пирковска





Маргарита Киселичка Калајџиева — родена на 25. 12. 1962 г. во Скопје
Дипломирала на ФЛУ 1985 г. во Скопје во класата на Петар Хаџи Бошков (вајарски отсек).
Член на ДЛУМ од 1985 г.
Адреса: „Партизанска“ 101-1/, Скопје, тел. 250-655.

Групни изложби:

1986 г.

Млади ликовни творци — Музеј на Македонија Скопје
Ликовен салон — Народен музеј Титов Велес

Дипломци 85 втора генерација Центар за култура и информации Скопје

ДЛУМ годишна изложба — Уметничка галерија Скопје
Прва и втора генерација на ФЛУ — галерија Студентски град Белград

Биенале на младите 87 — Музеј на современата уметност Скопје

Издавач:

Дом на младите „25 Мај“
Кеј „Димитар Влахов“ бб.
Тел: 091/233-401, 233-755
за издавачот: Гоце Димовски
Сектор за уметничка програма, одговоред уредник Глигор Стефанов
ликовна програма, галерија
Стручен соработник: Зорица Лојпур Богдановска
Маргарита Киселичка-Калајџиева, склптури, 22. X. — 9. XI. 1987
Предговор: Конча Пирковска
Соработник на изложбата: Небојша Вилиќ
печати Г. З. „Гоце Делчев“ — Скопје
гираж: 200 примероци

во финансирањето на изложбата учествува Занаетчиска задруга „СТРУГА“ ул. ЈНА б. б. тел. 096/72-695